## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 7 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010), член 5 став 6 од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2011) и точка 16 став 2 од Одлуката за методологијата за пресметување годишна стапка на вкупните трошоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/2011), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО
# за формата и содржината на формуларот со преддоговорни информации за понудените кредитни услови за потрошувачки кредит
# (неофицијален пречистен текст[1])

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишуваат формата и содржината на формуларот со преддоговорни информации за понудените кредитни услови за потрошувачки кредит.

2. Кредиторот, односно кредитниот посредник, е должен на потрошувачот да му ги соопшти сите потребни информации и податоци за склучување договор за потрошувачки кредит, пред да се склучи договорот, преку доставување формулар за преддоговорни информации за понудените кредитни услови за потрошувачки кредит (во понатамошниот текст: формуларот).

3. Формуларот се состои од четири групи информации и податоци, и две колони.

Кредиторот, односно кредитниот посредник не смее да ја менува содржината во колоната број 1 од формуларот.

---

[1] Ова претставува неофицијален пречистен текст на Упатството за формата и содржината на формуларот со преддоговорни информации за понудените кредитни услови со потрошувачки кредит. Овој неофицијален пречистен текст на Упатството за формата и содржината на формуларот со преддоговорни информации за понудените кредитни услови со потрошувачки кредит е составен од: Упатството за формата и содржината на формуларот со преддоговорни информации за понудените кредитни услови со потрошувачки кредит („Службен весник на Република Македонија„ бр.101/2011 и Упатството за изменување и дополнување на Упатството за формата и содржината на формуларот со преддоговорни информации за понудените кредитни услови со потрошувачки кредит („Службен весник на Република Македонија бр. 134/2011).

Појаснувањата во колоната број 2 од формуларот дадени во заграда, треба да бидат заменети со соодветни информации и податоци од страна на кредиторот, односно кредитниот посредник.

Кога во колоните од формуларот е назначено „доколку е применливо", кредиторот, односно кредитниот посредник треба:

- да го пополни тоа поле доколку информацијата му е позната и е соодветна за кредитот,
- да даде објаснување дека информацијата е соодветна за тој кредит, но не му е позната или,
- да даде објаснување дека информацијата не е соодветна за тој кредит или да го избрише редот во кој е наведена информацијата.

4. Кредиторот, односно кредитниот посредник во своите интерни акти го уредува начинот на кој ќе обезбеди доказ дека го предал формуларот.

5. Формуларот е даден во Прилогот бр. 1, којшто е составен дел на ова упатство.

## II. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

6. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе почне да се применува од 01.10.2011 година.

**Гувернер**
**Димитар Богов**

**Прилог бр. 1**

**ФОРМУЛАР**
**ЗА ПРЕДДОГОВОРНИ ИНФОРМАЦИИ (ПОДАТОЦИ) ЗА ПОНУДЕНИТЕ КРЕДИТНИ УСЛОВИ ЗА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТ**

**1. Податоци за кредиторот/кредитниот посредник**

| | | |
|---|---|---|
| | **ПОДАТОЦИ ЗА КРЕДИТОРОТ** | |
| | **Колона 1** | **Колона 2** |
| 1. | Назив на кредиторот | |
| 2. | Адреса (адреса на која е достапен кредиторот) | |
| 3. | Број на телефон* | |
| 4. | Електронска пошта* | |
| 5. | Факс* | |
| 6. | Интернет-страница* | |
| | **ПОДАТОЦИ ЗА КРЕДИТНИОТ ПОСРЕДНИК** (доколку е применливо) | |
| 7. | Име и презиме, односно назив на кредитниот посредник | |
| 8. | Адреса (адреса на која е достапен кредиторот) | |
| 9. | Број на телефон* | |
| 10. | Електронска пошта* | |
| 11. | Факс* | |
| 12. | Интернет-страница* | |

* Овие информации не се задолжителни за кредиторот/кредитниот посредник

**2. Податоци за кредитниот производ**

| | **Колона 1** | **Колона 2** |
|---|---|---|
| 13. | Вид на кредитот | *(Опис на видот на кредитот)* |
| 14. | Вкупен износ на кредитот којшто ги вклучува: | *(Износот треба да биде изразен како сума на пари или описно доколку износот зависи од висината на друга* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *големина)* |
| | - валутата во која е изразена главницата или за која е поврзана главницата,<br><br>- вкупниот износ во денари, за кредитите одобрени во денари,<br><br>- вкупниот износ во странска валута, за кредитите одобрени во странска валута<br><br>- вкупниот износ на денари како противвредност на странската валута, за кредитите со валутна клаузула<br><br>- девизниот курс по кој ќе се врши исплатата на кредитот (доколку е применливо)<br><br>- девизниот курс по кој ќе се врши наплатата на кредитот (доколку е применливо). Се наведува висината на девизниот курс на денот на изготвување на формуларот. При ануитетска отплата на кредитот (на рати) висината на девизниот курс за поодделните рати може да се разликува | *денари/евра/долари/во денари поврзан со вредноста на еврото или со друга валута*<br><br>*износ во денари*<br><br>*износ во странска валута*<br><br>*износ во денари и износ во странска валута*<br><br>*________ (вид на курсот) којшто на денот на денот на изготвување на формуларот изнесува: __________*<br><br>*________ (вид на курсот) којшто на денот на денот на изготвување на формуларот изнесува: __________)*<br><br>*Информациите коишто не се релевантни за кредитот, кредиторот, односно кредитниот посредник може да ги избрише* |
| 15. | Услови за искористување на кредитот (како и кога ќе се врши исплата на средствата врз основа на кредитот) | *(Опис како и кога ќе се врши исплатата на кредитот)* |
| 16. | Траење на договорот за кредит | *(Рок на договорот за кредит или наведување дека договорот нема* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *рок)* |
| 17. | Износ на поединечните плаќања и онаму каде што е соодветно за видот на кредитот - број на ратите, динамика или редоследот на пристигнување на ратите коишто треба да се платат | *(Приложете репрезентативен пример за износот или % на поединечните плаќања и онаму каде што е соодветно за видот на кредитот - бројот и динамиката или редоследот на плаќања коишто потрошувачот е должен да ги изврши, поодделно за главницата и за каматата и надоместоците)* |
| 18. | Опис на стоката или услугата и нејзината цена во готово, во случај на кредит во форма на одложено плаќање за одредени стоки или услуги и поврзани договори за кредит (доколку е применливо) | *(Опис на стоката/услугата)*<br>*(Цена во готово)* |
| 19. | Гаранции за кредитот, доколку е применливо<br><br>(опис на инструментот за обезбедување којшто се бара од потрошувачот за склучување договор за потрошувачки кредит) | *(Опис на инструментот за обезбедување којшто се бара од страна на кредиторот/кредитниот посредник и услови за тој да биде прифатен како обезбедување)*<br><br>*(Ако не се бара обезбедување, се наведува дека кредитот нема обезбедување или редот се брише)* |
| 20. | Обврска за склучување договор за дополнителни услуги, доколку склучувањето на таквиот договор е задолжително за добивање на кредитот или за добивање на кредитот согласно со условите од рекламирањето | *(Вид и опис на договорите за дополнителни услуги коишто се бараат за одобрување на кредитот)*<br><br>*(Ако дополнителните услуги не се задолжителни, тоа јасно наведува или редот се брише)* |
| 21. | Посебна сметка на која се евидентираат уплатите и исплатите врз основа на кредитот, доколку е применливо | *(Се наведува дали е задолжително да се отвори посебна сметка на која се евидентираат уплатите и исплатите врз основа на кредитот. Доколку отворањето на сметката не е задолжително, тоа јасно се наведува или редот се брише.)* |

**3. Податоци за трошоците за кредитот**

| | Колона 1 | Колона 2 |
|---|---|---|
| 22. | Вид на каматната стапка<br><br>Кредиторот/кредитниот посредник е должен на потрошувачот да му го соопшти видот на каматната стапка и да му даде објаснување што означува таа каматна стапка, како и периодите, условите и постапка за промена на каматната стапка<br><br>Кредиторот/кредитниот посредник е должен да го информира потрошувачот дали за промената на каматната стапка е потребна согласност од потрошувачот<br><br>Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, сите наведени информации се наведуваат за секоја каматна стапка | *(Се наведува видот на каматната стапка, и тоа:*<br><br>– *за фиксна каматна стапка се дава објаснување дека каматната стапка е непроменлива*<br><br>– *за променлива каматна стапка се наведува индексот или референтната каматна стапка врз која се темели висината на каматната стапка, периоди, услови и постапка за промена на променливата каматната стапка како и маржата којашто ја наплаќа кредиторот/кредитниот посредник и периоди, услови и постапка за нејзина промена. Доколку каматната стапка се менува според други критериуми, се дава објаснување за постапката на нејзина промена.)*<br><br>(*Потребна е/Не е потребна*) согласност од потрошувачот за промена на каматната стапка којашто ја наплаќа кредиторот/кредитниот посредник |
| 23. | Висина на договорената каматна стапка (изразена во % на годишна основа)<br><br>Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, овие информации се наведуваат за секоја каматна | *(Процент на договорена каматна стапка на годишна основа)*<br><br>*(Доколку е применливо, се наведува секој индекс или референтна стапка на почетната каматна стапка и/или на маржата којашто ја наплаќа кредиторот/кредитниот посредник)* |

| | | |
|---|---|---|
| | стапка | |
| 24. | Годишна стапка на вкупни трошоци (СВТ) изразена во % на годишно ниво претставена преку репрезентативен пример.<br><br>При пресметката на СВТ кредиторот не го вклучува износот на трошоците којшто не му е познат, но е должен тоа јасно да го наведе<br><br>Вкупен износ што го плаќа потрошувачот (збир на кредитот и вкупните трошоци за кредитот, односно сите трошоци, вклучувајќи камати, провизии, други надоместоци, коишто потрошувачот треба да ги плати при одобрувањето и редовна отплата на кредитот и коишто му се познати на кредиторот, освен нотарските трошоци, а со вклучување на трошоците за дополнителни услуги поврзани со договорот за кредит, доколку користењето дополнителни услуги е задолжително за одобрување на кредитот или за негово одобрување под назначените услови и доколку му се познати на кредиторот) | *(Висина на СВТ и вкупен износ којшто го плаќа потрошувачот)*<br><br>*(Да се даде репрезентативен пример со претпоставките за пресметката на СВТ од членот 20 од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити)*<br><br>*(Трошоците коишто не му се познати на кредиторот, односно кредитниот посредник и коишто не се опфатени во СВТ и вкупниот износ што го плаќа потрошувачот, треба јасно да бидат издвоени и наведени)* |
| 25. | Трошоци за склучување договор за дополнителни услуги поврзани со договорот за потрошувачки кредит (како на пример договор за осигурување), доколку склучувањето на таквиот договор е задолжително за добивање на кредитот или за добивање на кредитот согласно со условите од рекламирањето, доколку е применливо<br><br>Доколку на кредиторот, односно кредитниот посредник не му е позната висината на овие трошоци, тој е должен тоа јасно да го наведе | *(Износ на трошоци врз основа на договор за дополнителни услуги поврзани со договорот за потрошувачки кредит коишто се задолжителни за одобрување на кредитот.*<br><br>*Доколку не е познат точниот износ на трошоците, јасно се наведува дека износот на трошоците не е познат, но дека постои обврска за плаќање на овие трошоци)*<br><br>*(Доколку не постои обврска за плаќање вакви трошоци, тоа јасно се наведува или редот се брише)* |

| | | |
|---|---|---|
| | Кредиторот, односно кредитниот посредник е должен да наведе дали овие трошоци се вклучени во пресметаната СВТ | |
| 26. | Трошоците за водење една или повеќе сметки на кои се евидентираат уплатите и исплатите на искористениот дел од кредитот, доколку е применливо.<br><br>Доколку на кредиторот, односно кредитниот посредник не му е позната висината на овие трошоци, тој е должен тоа јасно да го наведе.<br><br>Кредиторот, односно кредитниот посредник е должен да наведе дали овие трошоци се вклучени во пресметаната СВТ | *(Износ на трошокот за водење на сметките.*<br><br>*Доколку не е познат точниот износ на трошоците, јасно се наведува дека износот на трошоците не е познат, но дека постои обврска за плаќање на овие трошоци)*<br><br>*(Доколку не постои обврска за плаќање вакви трошоци, тоа јасно се наведува или редот се брише)* |
| 27. | Нотарски трошоци што ги плаќа потрошувачот при склучување на договорот, доколку е применливо.<br><br>Доколку на кредиторот, односно кредитниот посредник не му е позната висината на овие трошоци, тој е должен тоа јасно да го наведе.<br><br>Овие трошоци не се вклучени во пресметаната СВТ. | *(Опис и износ на нотарските трошоци.*<br><br>*Доколку не е познат точниот износ на трошоците, јасно се наведува дека износот на трошоците не е познат, но дека постои обврска за плаќање на овие трошоци)*<br><br>*(Доколку не постои обврска за плаќање вакви трошоци, тоа јасно се наведува или редот се брише)* |
| 28. | Други трошоци коишто произлегуваат од договорот за потрошувачки кредит и условите под кои тие трошоци можат да се променат, доколку е применливо.<br><br>Доколку на кредиторот, односно кредитниот посредник не му е позната висината на овие трошоци, тој е должен тоа јасно да го наведе.<br><br>Кредиторот, односно кредитниот посредник е должен да наведе | *(Опис и износ на другите трошоци и услови под кои тие можат да се променат.*<br><br>*Доколку не е познат точниот износ на трошоците, јасно се наведува дека износот на трошоците не е познат, но дека постои обврска за плаќање на овие трошоци)*<br><br>*(Доколку не постои обврска за плаќање вакви трошоци, тоа јасно се наведува или редот се брише)* |

| | | |
|---|---|---|
| | дали овие трошоци се вклучени во пресметаната СВТ | |
| 29. | Каматна стапка применлива во случај на задоцнети плаќања, изразена во % на годишна основа, услови за нејзина промена<br><br>Предупредување за последиците од неплаќање на ратите | *(За пропуштање рок за плаќање/задоцнето плаќање ќе ви се наплати: _______________*<br><br>*Казнена камата, условите за нејзино менување и доколку е применливо, трошоците за неисполнување на обврската за плаќање*<br><br>*Наведување на последиците од неплаќање на ратите коешто може да вклучи:*<br><br>– *законска основа на постапката за извршување на побарувањата*<br>– *предупредување дека пропуштање на плаќање рати може да доведе до отежнато одобрување нови кредити...)* |

**4. Останато**

| | | |
|---|---|---|
| 30. | Имате право да се откажете од договорот за потрошувачки кредит, во определен рок | *(Наведување на правото на потрошувачот за откажување од договорот за потрошувачки кредит и на временскиот период во кој може да го откаже договорот)* |
| 31. | Имате право на целосна или делумна предвремена отплата на кредитот, а кредиторот/кредитниот посредник е должен да ви ја соопшти висината на надоместокот којшто треба да го платите и начинот на неговото определување | *(Се наведува износот или процент на надоместокот и начинот на неговото одредување)* |
| 32. | Раскинување на договорот за потрошувачки кредит<br><br>(Кредиторот/кредитниот посредник е должен да ви ги соопшти правото, постапката и условите за раскинување на договорот за потрошувачки кредит) | *(Се наведуваат правото, постапката и условите за раскинување на договорот за потрошувачки кредит)* |

| | | |
|---|---|---|
| 33. | Ако по поднесеното барање за кредит, барањето се одбие заради добиените информации од бази на податоци, имате право, кредиторот, односно кредитниот посредник веднаш и бесплатно да ве информира за тие информации и за начинот на кој ги прибавил информациите. Овие информации се даваат во сите случаи, освен ако давањето на информациите е забрането со закон. | |
| 34. | Право на бесплатна копија од нацрт-договорот за потрошувачки кредит<br><br>Имате право, на ваше барање, бесплатно да добиете копија од нацрт-договорот за потрошувачки кредит. Нема да се достави нацрт-договор доколку кредиторот/кредитниот посредник во времето на поднесувањето на барањето не сака да пристапи кон склучување на договорот за потрошувачки кредит | |
| 35. | Рок во кој кредиторот, односно кредитниот посредник е обврзан со преддоговорните информации, доколку е применливо | (*Доколку е применливо, се наведува периодот или точните датуми во кој кредиторот, односно кредитниот посредник е обврзан со преддоговорните информации содржани во овој формулар*<br><br>*Доколку не е применливо, кредиторот, односно кредитниот посредник може да наведе дека податоците и информациите од формуларот можат да се променат, пример врз основа на анализите на кредитната способност на потрошувачот...)* |

Дата на предавање на формуларот: ___________